СТ-66/18

ОСНОВНИОТ СУД ВО СТРУГА, со стечајниот судија Лазо Ѓоргоноски, постапувајќи по предлогот на предлагачот Арбен Борова од Струга, застапуван од полномошник адвокат Шериф Салоски, за отворање на стечајна постапка према стечајниот должник Производно, прометно и услужно друштво, Арбен, ДУГАЃИНИ увоз-извоз Струга ДООЕЛ, на рочиштето од 11.09.2018 година, го донесе следното:

## РЕШЕНИЕ

Стечајната постапка започната према стечајниот должник Производно, прометно и услужно друштво, Арбен, ДУГАЃИНИ увоз-извоз Струга ДООЕЛ, со единствен матичен број на деловниот субјект 4581628, даночен број 4026992106070, со трансакциска сметка број 210045816280122 при НЛБ Банка АД Скопје, **СЕ ОТВОРА И СЕ ЗАКЛУЧУВА.**

СЕ НАЛАГА бришење на стечајниот должник од Трговскиот регистар во Централниот регистар на Република Македонија и други соодветни регистри.

СЕ ЗАДОЛЖУВА привремениот стечаен управник затекнатите парични средства на трансакциските сметки на должникот да ги распредели на трошоците за заклучување на постапката а остатокот да го пренесе во Буџетските средства на РМ при НБРМ со жиро сметка 1000000000630 95, сметка на буџетски корисник 2901000922 696 13, приходна шифра 725939 програма 20.

## Образложение

Предлагачот Арбен Борова од Струга, до овој суд поднесе предлог за отворање на стечајна постапка према стечајниот должник Производно, прометно и услужно друштво, Арбен, ДУГАЃИНИ увоз-извоз Струга ДООЕЛ.

За да се утврди дали се исполнети условите за отворање стечајна постапка судот поведе претходна постапка и го именува Стојче Чавкоски од Струга за привремен стечаен управник.

На одржаното рочиште привремениот стечаен управник го изложи извештајот за економско финансиската состојба на стечајниот должник, со кој утврдил дека се исполнети условите за отворање на стечајната постапка, меѓутоа истата не може да се спроведе поради тоа што должникот нема имот, а имотот кој би влегол во стечајната маса е недоволен и за намирување на трошоците на таа постапка.

Имајќи го во предвид наведеното согласно член 68 став 1 од Законот за стечај, се одлучи како во изреката на решението.

Стечаен судија,
Лазо Ѓоргоноски с.р.

**ПОУКА:** Против ова решение дозволена е жалба во рок од 8 дена од објавувањето во Сл. В на РМ до Апелациониот суд во Битола

**Д-ви на :**

* полномошникот на предлагачот,
* приврем.стечаен управник
* ВЕБ страната на судот
* Сл.В. на РМ

**По правосилноста на:**

* Централен регистар
* Депозитната банка